ОПШТИНСКИ
ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
20
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 20 Јули - Август -Септември 2021

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk




# Свечено пуштен во употреба новиот градски плоштад во Крива Паланка

*По цели 50 години Крива Паланка доби нов градски плоштад, инвестиција вредна 785.000 евра.*

Проектот, насловен како **Крива Паланка-Источна порта на Европа- туристичка фестивалска атракција**, опфаќа целосно редизајнирање на постоечкиот плоштад, со отворени сцени, амфитеатар, поврзување со кејот на Крива Река, зелени и урбани површини и други објекти.

Вкупна инвестиција за овој капитален проект изнесува околу 48 милиони денари, обезбедени преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2) од ЕУ, со кофинансирање на Владата, а финансиските средства се менаџирани од Канцеларијата на Светска банка во Република Северна Македонија. Општина Крива Паланка, учествува со средства во висина од околу 6,6 милиони денари.

- *Искрено се надевам дека овој објект ќе остане да сведочи низ вековите за нашето минато и историја и нашата сегашност и иднина и да биде мост за соработка со нашите соседи и источна порта кон нашите европски пријатели*, рече градоначалникот Мицевски во своето обраќање на свеченоста пред бројните гости и претставници од Владата, градоначалници од соседните општини и од пограничните градови од Србија.








## Кинескиот амбасадор Цанг Syo во работна посета на Општина Крива Паланка

*Амбасадорот на Народна Република Кина во Република Северна Македонија, неговата екселенција Џанг Syo, ја посети Општина Крива Паланка, на покана на градоначалникот Борјанчо Мицевски.*

-Имаме голем простор за соработка, особено во областа на културата, спортот, образованието и младите, а посебно е можно продлабочување на соработката во производството на соларна енергија и фотоволтаици, изјави градоначалникот Мицевски на средбата со амбасадорот Syo.



Во рамки на агендата, амбасадорот Syo ги посети ЛУ Градски музеј и манастирот „Св.Јоаким Осоговски“ каде имаше можност да се запознае со културно-историското наследство, традицијата и убавините на градот.



## Потпишан договор за реконструкција на локален пат во с. Конопница м.в. Чивлк

Градоначалникот Борјанчо Мицевски го потпиша договорот за реконструкција на локален пат во с.Конопница м.в. Чивлк. Инвестицијата е во вредност од 3.763.800 денери, обезбедени од ТАВ програмата за инфраструктурни проекти.



## Со средства од ТАВ ќе се реализира изградба на три улици во Крива Паланка

*Во Крива Паланка  отпочнаа работите на изградба на улицата „Вршачка“ во населбата Долно Грамаѓе за чија реализацијата средствата се обезбедени со поддршка на ТАВ програмата.*

На отпочнувањето на градежните работи присуствуваа директорот на ТАВ Македонија, Метин Батак и вицепремиерот Љупчо Николовски, придружувани од градоначалникот Борјанчо Мицевски.

Вкупната инвестиција изнесува околу 150.000 евра. Општина Крива Паланка преку ТАВ програмата ќе добие поддршка и за изградба на улици во населбите „Чивлик“ и „Мизовски ливади“ за коишто вкупната поддршка, заедно со улицата „Вршачка“ е околу 465 илјади евра.



## Набавено ново теренско возило за потребите на проектот „Одговорни институции- среќни граѓани“

Во  Општина Крива Паланка беше предадено во употреба специјализирано возило за транспорт и теренска работа на негуватели на стари лица во домашни услови и за потребите на  корисниците на услугите.

Набавката на возилото е дел од проектот „Одговорни институции- среќни граѓани” кој Општина Крива Паланка  и Црвен крст го имплементираат со финансиска поддршка од Министерството за труд и социјална политика  и Светска банка, во рамки на проект за подобрување на социјални услуги.

Во рамките на проектот во претходниот период беше извршена обука на 20 негуватели кои ќе пружат нега на 40 стари лица во домашни услови.

## Започнува изградба на пристапниот пат кон новите градски гробишта

Во Крива Паланка  започна изградбата на пристапната улица кон новите градски гробишта во должина од 828 метри. Инвестицијата е во висина од 11.723.580 денари, обезбедени преку  Министерството за транспорт и врски во рамки на проектот за поврзување на локалните патишта, со заем од Светска банка.  Рокот на изведба е 10 месеци, а изведувачи на работите се фирмите Ескаватори и Битем.



*На почетокот на реализацијата на градежните активности покрај градоначалникот Мицевски присуствуваа и вицепремиерот за борба против корупција, одржлив развој и човечки ресурси Љупчо Николовски и министерот за транспорт и врски Благој Бочварски.*



## Асфалтиран крак од улицата „Пере Тошев“

Асфалтиран е крак 2 од улицата „Пере Тошев“ во населба „Бегови Бавчи“, со должина од 128 метри и просечна ширина од 3,9 метри. Истовремено е извршена делумна реконструкција на водоводна и канализациона мрежа и нивелирање на постоечки шахти.



## Реконструкција на дел од улица „Херој Карпош“

Извршена е целосна реконструкција на дел од улицата „Херој Карпош“, со асфалтирање на коловозната лента, надградба на дел од тротоарската површина и замена на дотраената водоводна мрежа.




## Интензивно се работи на реконструкција на пешачката патека кон манстирот „Св. Јоаким Осоговски“

Интензивно се работи на реконструкција на пешачката патека со должина од околу 900 метри, која ја опфаќа трасата од спортскиот комплекс кон манастирот „Св.Јоаким Осоговски“. На оваа локација ќе биде поставено осветлување и ќе се уреди коритото на т.н. Бабин Дол.

Уредувањето на локалитетот е дел од проектот „Одржливо користење на културното наследство во Дупница и Крива Паланка “, што се реализира преку ИПА програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Бугарија и Северна Македонија.  Вкупниот буџет за реконструкцијата изнесува 188.485 евра.



*ТППЕ од Крива Паланка доби противпожарно возило како донација од Доброволното противпожарно друштво од општина Загорје на Сава, Р.Словенија.*



## Набавено специјализирано возило наменето за лицата со посебни потреби

*Градоначалникот Борјанчо Мицевски во присуство на потпретседателот на Владата, Љупчо Николовски и министерот за локална самоуправа Горан Милевски го предаде во употреба специјализираното возило наменето за лица со посебни потреби.*

Возилото е набавено преку Советот за социјална заштита на Североисточниот плански регион, а со помош на Швајцарската развојна агенција за потребите на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Крива Паланка. Возилото е со вредност од 2.140.000 денари.




## Министерката за образование и наука Мила Царовска во посета на средното општинско училиште „Ѓорче Петров“

*Расте интересот за стручното образование, младите ги препознаваат можностите што ги нуди.*

Благодарение на кампањата „Учи паметно, работи стручно“ и конструктивниот дијалог на МОН со локалната самоуправа и стопанствениците, во СОУ „Ѓорче Петров“ отворени се 4 дуални паралеки - за машински техничар, електротехничар за комјутерска техника и автоматика, угостителски техничар и автомеханичар, како и една стручна паралека за медицински сестри за која е воспоставена соработка со здравствениот дом во општината.

- *Она што можев да го видам овде е дека не само што има запишани поголем број ученици во средно стручно образование и имаме четири дуални паралелки, туку и видов мотивиран наставен кадар кој секојдневно работи посветено на пренесуавње на знаењата кон учениците*, изјави министерката Царовска при посетата на средното училиште.



## Во тек е уредување на патеката кон Станечки Водопади

*Градоначалникот Борјанчо Мицевски заедно со проектниот тим изврши увид во градежните работи кои се во тек на пешачко-рекреативната патека до водопадите на Козја Река, познати како Станечки Водопади.*

Изградбата на патеката ќе се одвива во две фази, од училиштето во село Станци до водопадите на Козја Река каде што е предвидено и соодветно уредување на просторот и втора фаза која што опфаќа уредување на патеката од Станечки Водопади до локалитет „Ловечка куќичка“.
Вкупната должина на патеката е околу 4300 метри, а изведувач на работите е Маљоку ДООЕЛ.

*Патеката е финансирана во рамки на ИПА програмата за прекугранична соработка на ЕУ помеѓу Северна Македонија и Србија.*




## Општина Крива Паланка се вклучи во проектот „ReLOaD 2“

Општина Крива Паланка е една од неколкуте општини кои ќе добијта финансиска поддршка за зајакнување на граѓанското учество со имплементирање на активности и проекти кои се од интерес на локалната заедница, младите и транспарентното работење, преку проектот „ReLOaD 2“ на УНДП.

Проектот е финансиран од Европската унија и ќе се имплементира во следните три години .



Средното општинско училиште „Ѓорче Петров” доби современ спортски терен, со што значително се подобрени условите за реализација на наставата по спорт. Проектот е реализиран со средства од буџетот на училиштето, а истиот е во висина од околу 7.5 милиони денари.



## Проект за инклузија на деца Роми во ОЈУДГ „Детелинка“

Во текот на учебната 2021/2022 година во Крива Паланка ќе се имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи детски градинки“, кој е поддржан од Ромскиот образовен фонд и Министерството за труд и социјална политика.

Проектот предвидува згрижување на десет деца Роми кои ќе ги финансира општината од својот буџет и вработување на еден медијатор од ромска припадност кој ќе биде финансиран од страна на Ромскиот образовен фонд.